Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6311/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4051.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижни ствари бр. 41-9106/1 од 17.12.2013 година и бр.41-10525/1-13 од 14.1.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 181/13 и 10/14).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6313/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4052.**

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014 и 116/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА КОНКУРСИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА, ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД ВО АКАДЕМСКАТА 2014/2015 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2014/2015 година, бр. 42-5424/1 од 22.7.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2014), во точката 1, на крајот на реченицата точката се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат зборовите „Одлуката бр. 0901-846/4 од 7.7.2014 донесена на 105-тата седница на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 7.7.2014 година.“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7002/1
21 август 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**4053.**

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011 и 188/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСЛОВИТЕ И ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ И ЧЕКОВИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВНЕСУВААТ ИЛИ ИЗНЕСУВААТ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се пропишуваат условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.

Член 2

(1) Резидентите можат во Република Македонија слободно да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност до 10.000 евра.

(2) Резидентите можат во Република Македонија да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност од 10.000 евра и повеќе, само доколку при преминот на државната граница кај надлежните царински органи го пријават износот на ефективни странски пари и чекови што го внесуваат.

(3) Резидентите можат при преминот на државната граница кај надлежните царински органи да пријават и ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во износ помал од износот од став (2) на овој член.

(4) Пријавувањето на износот на ефективни странски пари и чекови од ставовите (2) и (3) на овој член се врши на Образец за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, пропишан согласно Правилникот за образецот за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.

Член 3

(1) Нерезидентите можат во Република Македонија слободно да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност до 10.000 евра.

(2) Нерезидентите можат во Република Македонија да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност од 10.000 евра и повеќе, само доколку при преминот на државната граница кај надлежните царински органи го пријават износот на ефективни странски пари и чекови што го внесуваат.

(3) Нерезидентите можат при преминот на државната граница кај надлежните царински органи да пријават и ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во износ помал од износот од став (2) на овој член.

(4) Пријавувањето на износот на ефективни странски пари и чекови од ставовите (2) и (3) на овој член задолжително се врши на Образец за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите го внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, пропишан согласно Правилникот за образецот за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.

Член 4

(1) Резидентите можат слободно да изнесуваат од Република Македонија ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност до 2.000 евра.

(2) Резидентите можат од Република Македонија да изнесат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност од 2.000 до 10.000 евра, само доколку при преминот на државната граница кај надлежните царински органи го пријават износот на ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари што го изнесуваат.

(3) Ефективните странски пари од став (2) на овој член резидентите ги изнесуваат врз основа на потврда од овластена банка или менувачница за купување на странски ефективни пари или врз основа на потврда од банка за подигање на девизи (странски ефективни пари) од сопствена девизна сметка.

(4) Потврдата од став (3) на овој член важи до првото преоѓање на границата, а најдоцна 90 дена од денот на издавањето.

(5) Ефективните странски пари од став (2) на овој член, резидентите при службено патување во странство ги изнесуваат во висина на износот содржан во налогот за извршување на дознака во странство (образец 1450), утврден врз основа на актот за службен пат во странство.

(6) Резидентите не смеат да изнесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност над 10.000 евра.

Член 5

Износот на ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари што нерезидентите го изнесуваат од Република Македонија не може да биде поголем од износот што при преминот на државната граница го пријавиле кај надлежните царински органи согласно член 3 ставови (2) и (3) на оваа одлука.

Член 6

Со денот на отпочнувањето со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат во и од Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 77/2002, 13/2003, 65/2003 и 69/2008 ).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2014 година.

Бр. 42-7016/1
26 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**4054.**

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 8 и став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.08.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/14), Табелата „Рекапитулар“ се менува и гласи:

| **Рекапитулар** | ***Денари*** |
|---|---|
| **Потребни средства за дијализа за 20 лица-странски државјани кои се опфтени со Спогодбата** | **6.460.000,00** |
| **Потребни средства за секундарна и терцијарна превенција на хемофилијата** | **540.000,00** |
| **Вкупно средства од основниот буџет** | **7.000.000,00** |
| **Пациентите со хронична бубрежна инсуфициенција кои мора да се лекуваат со хемодијализа за нивното оспособување за вршење на секојдневните активности.** | **15.000.000,00** |
| **Вкупно средства од буџет на самофинансирачки активности за неизмирени обврски за 2013 година** | **2.000.000,00** |
| **Вкупно средства од буџет на самофинансирачки активности** | **17.000.000,00** |
| **ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА:** | **24.000.000,00** |

2. Во делот ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „17.000.000,00“.

3. Делот ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА се менува и гласи:

„Извршители на Програмата се здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа и ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина.“

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5292/1
21 август 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.